Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 65-г став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 149/21)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/21), во точката 8, зборовите: „Народната банка ја утврдува стапката" се заменуваат со зборовите: „Народната банка ја утврдува потребната стапка".

2. Главата III се менува и гласи:

**„III. НАЧИН НА ВОВЕДУВАЊЕ И ПРОМЕНА НА СТАПКАТА НА ПРОТИВЦИКЛИЧНИОТ ЗАШТИТЕН СЛОЈ НА КАПИТАЛОТ ЗА ИЗЛОЖЕНОСТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

9. Имајќи ја предвид стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот утврдена согласно со точката 8 од оваа одлука, Народната банка на квартална основа утврдува дали има потребата да не се воведе, да се воведе, да се зголеми, да се намали или да се ослободи противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија.

10. При утврдувањето дали има потребата да не се воведе, да се воведе,да се зголеми, да се намали или да се ослободи противцикличниот заштитен слој на капиталот од точката 9 од оваа одлука, Народната банка може да земе предвид и други индикатори за нивото на системските ризици, како на пример, индикатори за финансиските пазари, пазарот на недвижности, отпорноста на банкарскиот систем, домашната економија и слично.

11. Врз основа на утврдената потреба од точката 9 од оваа одлука, Советот на Народната банка донесува одлука за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот, во која е наведено најмалку следново:

- датумот од кој банките се должни да ја применуваат стапката на противцикличниот заштитен слој, во случај на нејзино воведување или зголемување;
- датумот од кога се намалува стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот или од кога се ослободува барањето за противцикличен заштитен слој на капиталот, при што се имаат предвид одредбите од точката 12 став 1 од оваа одлука;
- причините за одредувањето пократок датум на примена, во случаите кога при воведувањето или зголемувањето на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот е определен датумот на примена кој е пократок од 12 месеци.

12. Во случај на намалување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија, или во случај на ослободување на барањето за противцикличен заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија, намалувањето, односно ослободувањето стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на Одлуката за намалување, односно за ослободување на противцикличниот заштитен слој на капиталот во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Народната банка ја објавува стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот на својата интернет-страница, согласно со закон."

3. Во точката 14 став 1, втора реченица, зборовите: „без разлика дали Советот на Народната банка донесол или не донесол одлука за стапка на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложеностите кон таа земја", се заменуваат со зборовите: „без разлика на висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите кон таа земја".

Во ставот 3, алинејата 1 се менува и гласи:

„- $C_3$ е стапка на противцикличниот заштитен слој за изложеностите кон земјата 3, објавена со одлука на Советот на Народната банка;".

4. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/IX-7/2021**
**30 јуни 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**